РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-611/8

06-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител без адресни податоци за контакт, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 87-ма седница одржана на 01.06.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-611/1 од 02.02.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елемети за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, пред кој постапката е во тек и се уште не е донесена јавно обвинителска одлука.

Предметот со број 12-611/1 од 02.02.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 02.02.2023 година доставена е пријава против поранешни В.Д. директори на __ „_________ _______" __ ____ ______, по која оформен е предмет број 12-611/1 од 02.02.2023 година.

Станува збор за неправилности и нерегуларности по повеќе основи, и тоа постапка при назначување и поставување на В.Д. директори во __ „_________ _______" __ ____ ______, злоупотреба на службена должност од нивна страна во поглед на вработувања со договори на дело и други авторски договори како и делегирање на работни задачи на вработените спротивно на решението за работа каде согласно актот за систематизација на работните места е определен обемот и видот на работните активности за секое работно место. Исто така во пријавата се наведува дека за еден од претходните В.Д. директори била покрената иницијатива за кривично гонење во Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

При надлежното постапување по оформениот предмет од страна на ДКСК преземени се дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба за предметниот случај и доставени се барања за прибирање на дополнителни податоци и информации до град Скопје, __ „_________ _______" __ ____ ______ и до Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, на што добиен е одговор и од извршениот увид во доставените прилози констатирано е следново:

Од страна на град Скопје по однос на наше барање е добиен одговор во кој се наведува дека поставените В.Д. директори биле во согласност со Законот за установите член 50 став 5, и образложение дека биле од редот на вработените во институцијата согласно член 30 од Статутот на __ „_________ _______" __ ____ ______.

Од срана на __ „_________ _______" __ ____ ______ до ДКСК е доставен список на вработени како и лица ангажирани со договор на дело и другу авторски договори од кои може да се утврди дека сите назначени В.Д. директори биле од редот на вработени во установата.

Од страна на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција до ДКСК е доставен одговор во кој се потврдуваат пријавените наводи, дека против ________ __________ и други по однос на доставена кривична пријава од Министерството за внатрешни работи на РСМ КУ бр.7581 од 15.09.2022 година бил оформен предмет IV КО бр.3481/22 за кривични дела од чл.353-в кд КЗ, чл.233 од КЗ и чл.228-а од КЗ , по кој предмет се постапувало и поради потребата од дополнителни информации од страна на јавниот обвинител биле поднесени дополнителни барања до Основниот кривичен суд Скопје за достава на изводи од крим и казнена евиденција, така што по прибирање на потребниот доказен материјал се наведува дека ќе биде донесена јавно обвинителска одлука или друг акт од надлежност на обвнинителството.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема елемети за натамошно постапување од причина што за предметниот случај нема законски прекршувања по однос на вработувањата и назначувањето на В.Д. директори, а по однос на кривичната постапка постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, пред кој постапката е во тек и се уште не е донесена јавно обвинителска одлука.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: П.Б.
Одобрил :м-р,Ш.С.,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**